ЦЕНТАР ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА

# СТАНДАРД НА ЗАНИМАЊЕ

## Столар за градежна столарија

Скопје, 2014 година

## 1. Име и код на Стандардот на занимање

Столар за градежна столарија

## 2. Ниво на сложеност

(III)Сложеност на работа

## 3. Стручни компетенции

- Ја чита и ја изработува работната документација;
- Ги определува постапките за изработка на елементите, конструкцијата, полупроизводот и производот;
- Ги подготвува и ги сортира дрвото, производите од дрво, ПВЦ-то, алуминиумот и стаклото;
- Изработува елементи, конструкции, полупроизводи и столарски производи од дрво;
- Изработува и монтира ПВЦ прозорци и врати, алуминиумски и дрво-алуминиумски прозорци и врати;
- Површински ги обработува елементите, конструкциите, полупроизводите и столарските производи;
- Составува и монтира полупроизводи и производи;
- Пакува и транспортира производи од градежната столарија;
- Одржува и врши помали и поголеми поправки на производите;
- Ја пополнува и ја пресметува технолошката документација на производот;
- Набавува основен и помошен материјал и врши продажба на готовиот производ;
- Ги контролира материјалите, производите и својата работа;
- Комуницира со соработниците и клиентите;
- Се заштитува себеси и соработниците од повреди и штетни влијанија на околината.

**4. Опис на Стандардот на занимање**

| Група на работи | Типични работи | Знаења и вештини |
|---|---|---|
| **Анализа, планирање и организирање на работата** | Ја чита и ја изработува работната документација. | • Ги прима инструкциите за работа и работната документација (план, нацрт, технички опис, шаблон);<br>• Ги чита скицата, техничкиот план, нацртот, координатниот план (за класични и CNC машини), техничкиот опис на производот;<br>• Црта нацрти и детали;<br>• Мери и зема ѕидарски димензии во реален простор за вградување на градежната столарија;<br>• Изработува кројна листа;<br>• Ја пополнува и ја пресметува технолошката документација за производот;<br>• Има знаење од обласста на техничкото цртање и нацртната геометрија;<br>• Знае различни видови водење евиденција;<br>• Знае елементи на работната и технолошката документација(шаблон,план, нацрт);<br>• Знае постапки за евидентирање и документирање. |
| **Подготовка на работата и на работното место** | Ја определува постапката за изработка на елементи, конструкција, полупроизвод и производ. | • Ги определува средствата за работа според избраниот технолошки процес на изработка;<br>• Избира алати и помагала (шаблони) за работа;<br>• Изработува помагала за работа;<br>• Ги проверува соодветноста и исправноста на средствата за работа;<br>• |

| | | |
|---|---|---|
| | | • Самостојно ги подесува машината и машинската линија;<br>• Ги подесува и ги проверува безбедносните уреди кај машините;<br>• Ги користи личните заштитни средства;<br>• Ги познава и управува со транспортните средства во рамките на прописите;<br>• Ги знае намената и употребата на заштитните и безбедносните уреди кај машините;<br>• Ги знае основите на ергономското организирање на работното место;<br>• Го знае технолошкот процес на изработка на производите од дрво,ПВЦ и алуминиум;<br>• Ги знае технолошките карактеристики на машините за обработка на дрво, ПВЦ и алуминиум. |
| **Оперативни работи** | Ги подготвува и ги сортира дрвото, производите од дрво, ПВЦ, алуминиум и стакло. | • Избира дрво, фурнир, производи или полупроизводи,ПВЦ и алуминиумски профил според барањата на работната документација, т.е. стандардите за квалитет и потребната влажност;<br>• Ги сортира пиленото дрво, ПВЦ-то и алуминиумскиот профил според димензија и квалитет;<br>• Ги знае физичките, механичките, естетските и технолошките карактеристики на дрвото, фурнирите,дрвените плочи, ПВЦ-то и алуминиумот;<br>• Ги познава стандардите за квалитет за пиленото дрво, фурнирите , дрвените |

| | | |
|---|---|---|
| | | плочи,ПВЦ-то и алуминиумот;<br>• Ја препознава соодветноста на дрвото според дадените барања. |
| | Изработува елементи, конструкции, полупроизводи и столарски производи од дрво. | • Го надгледува текот на сушењето на дрвото;<br>• Ја мери влажноста на дрвото;<br>• Ги познава структурата, функцијата и начинот на користење на дрвопреработувачките машини;<br>• Ги подесува и управува со дрвопреработувачките машини (на пр., кружните пили, рамналките, дебларките …);<br>• Ги подесува и управува со посложените дрвопрера-ботувачки машини (четиристрана рендосувалка, столна и натстолна глодалка, машини за брусење) и со едноставни машински линии (на пр., линија за должинско и ширинско кроење);<br>• Ги крои елементите од пилено дрво на еднолисни и повеќелисни кружни пили;<br>• Ги крои елементите на производи од дрво, плочи и фурнир;<br>• Ги бруси елементите за израмнување според дебелина;<br>• Ги спојува фурнирските листови, изработува и вградува интарзии (бордури);<br>• Ги лепи елементите по должина, ширина и дебелина;<br>• Ги фурнира рабовите на рамните елементи;<br>• Гиизработува елементите од слоевито дрво (фурнири) со |

| | | |
|---|---|---|
| | | помош на шаблон на различни преси;<br>• Ги дупчи елементите на посложени машини и ленти за дупчење (CNC машини);<br>• Ги рамни елементите од масивно дрво;<br>• Ги бруси елементите на различни машини за брусење дрво;<br>• Изведува фино брусење на елементите од фурнир;<br>• Ги знае разните видови сушење на дрво и нивните предности и слабости;<br>• Ги познава разните видови технологии, техники на сушење дрво и знае да го контролира режимот на сушење;<br>• Знае оптимално да крои елементи од дрво и од фурнир;<br>• Ги познава технологијата на лепење и карактеристиките на лепилата;<br>• Ги познава разните видови состави на дрво и нивната употреба кај производите;<br>• Ги познава технологијата на брусење, технолошките карактеристики и употребата на средствата за брусење;<br>• Самостојно знае безбедно и економично да произведува столарски производи со висок квалитет. |
| | Изработка и монтажа на ПВЦ прозорци и врати. | • Крои ПВЦ и челичен профил според дадени мерки и шеми;<br>• Селектира и соодветно одложува отпад;<br>• Вметнува челичен профил во ПВЦ профилите;<br>• Шрафи ПВЦ профил со |

| | | |
|---|---|---|
| | | челичен профил;<br>• <br>• Изработува отвори за вода во касата на прозорецот;<br>• Врши машинско лепење на профилите;<br>• Го чисти составот на профилите;<br>• Ги гумира профилите;<br>• Крои кит-лајсни за прицврстување на стаклото;<br>• Оковува шарки, рачки и друг оков;<br>• Застаклува и монтира прозорци и врати во отворите на ѕидовите;<br>• Врши завршна обработка и доработка на прозорците и вратите (монтажа на парапетна штица, надворешни лимови, ролетни, комарници и др.);<br>• Знае да го чита техничкиот цртеж;<br>• Ги познава машините и алатите за изработка и монтажа на ПВЦ прозорците и вратите;<br>• Го познава процесот на изработка и монтажа на ПВЦ прозорци и врати;<br>• Ги познава техничките карактеристики на материјалите што се користат во производството; |
| | Изработка и монтажа на алуминиумски и дрво-алуминиумски прозорци и врати. | • Ги крои алуминиумските и дрвените профили според дадените мерки и шеми;<br>• Ги изработува потребните отвори во алуминиумските профили на CNC машини и на поедноставни машини;<br>• Составува аголно елементи во полупроизводите (рамки) со помош на лепила и спојници; |

| | | |
|---|---|---|
| | | • Ги поставува оковите на прозорците и вратите;<br>• Ги составува алуминиумските и дрвените делови на производите со леплива лента, шрафење и спојници;<br>• Гумира и поставува ленти за дихтување и изолација на прозорците и и вратите;<br>• Ги застаклува и ги монтира производите;<br>• Врши завршни работи (поставува парапетни даски, водобрани- лимови од надворешната страна, ролетни и др.);<br>• Знае да ги чита техничките цртежи;<br>• Ги познава машините и алатите за изработка и монтажа на алуминиумски прозорци и врати;<br>• Го познава процесот на изработка и монтажа на алуминиумските прозорци и врати;<br>• Ги познава техничките карактеристики на материјалите што се користат во производството. |
| | Површински ги обработува елементите, конструкциите, полупроизводите, столарските производи. | • Ги користи различните техники на нанесување материјали за површинска обработка;<br>• Избира најсоодветен вид, квалитет и нијанса на средствата за површинска обработка (бајц, лак, боја, масло, восок) на елементите;<br>• Површински ги обработува производите од градежната столарија;<br>• Знае различни технологии за површинска обработка на елементите;<br>• Ги разликува средствата за |

| | | |
|---|---|---|
| | | површинска обработка според примената и технолошките карактеристики;<br>• Ги знае уредите и машините за површинска обработка на дрвото и нивната работа. |
| | Составува и монтира полупроизводи и производи. | • Ги составува полупроизводите во монтажни преси;<br>• Ги составува производите;<br>• Ги монтира оковот, бравите, шарките и додатоците;<br>• Ги монтира и ги вградува прозорците и вратите во отворите на просторијата;<br>• Врши рекламациски работи;<br>• Го знае технолошкиот редослед на составување на производите. |
| | Пакување и транспорт на производите од градежната столарија. | • Составува, пакува и транспортира производи;<br>• Палетизира пакувани производи за транспорт;<br>• Ги познава амбалажата и начините за пакување на производите од градежната столарија. |
| | Одржува и врши помали и поголеми поправки на производите. | • Ја утврдува состојбата на елементите, конструкцијата т.е. производот;<br>• Ги определува употребените материјали на производот за поправка;<br>• Врши посложени поправки на полупроизводите и производите;<br>• Ја одбира и ја изведува постапката за одржување (чистење, крпење, замена на делови, површинска обработка); |

| | | |
|---|---|---|
| | | • Ги познава материјалите на кои се врши поправка. |
| **Административни работи** | Ја пополнува и ја пресметува технолошката документација за производот. | • Ја пополнува и ја води работната документација;<br>• Ја користи информатичката технологија;<br>• Ги знае елементите на работната и технолошката документација;<br>• Ги знае постапките за евидентирање и документирање;<br>• Ги познава значењето и применливата вредност на податоците во работната документација. |
| **Комерцијални работи** | Го набавува основниот и помошниот материјал и врши продажба на готовиот производ. | • Го набавува основниот и помошниот материјал;<br>• Прави спецификација на трошоците;<br>• Ја промовира трговската марка;<br>• Ја пресметува цената на готовиот производ и врши продажба;<br>• Ја изработува спецификацијата на потрошените материјали;<br>• Ги знае елементите за пресметување на цената;<br>• Ги знае елементите за пресметување на процентот на искористување на материјалот и времето;<br>• Ги познава структурните елементи на цената. |
| **Обезбедување и осигурување квалитет** | Ги контролира материјалите, производите и својата работа. | • Ги контролира количествата, димензиите, квалитетот и другите параметри на материјалите за изработка;<br>• Ја следи димензиската, количествената и квалитетната соодветност на одделните елементи и |

| | | |
|---|---|---|
| | | производи;<br>• Ги контролира резултатите од сопствената работа и од работата на групата;<br>• Се грижи за економично постапување со материјалите и средствата за работа;<br>• Го знае значењето на естетскиот изглед на производот;<br>• Ги знае методите и условите за чување на материјалот и средствата за работа;<br>• Ги знае стандардите за квалитет. |
| **Комуникација** | Комуницира со соработниците и со клиентите. | • Прима инструкции, ги проследува до соработниците и се договара со соработниците;<br>• Користи стручна терминологија;<br>• Составува писмени и усни соопштенија, стручно, јасно, недвосмислено;<br>• Знае да одбере соодветен начин на комуникација при решавање на проблемите;<br>• Ги прима податоците за нарачката;<br>• Ги проследува бараните информации;<br>• Постапува согласно со деловниот бонтон;<br>• Ги знае техниките и видовите комуникација;<br>• Ги знае основите на деловната комуникација;<br>• Знае коректно и одговорно да комуницира со нарачателите т.е. со странките;<br>• Знае да одбере соодветен начин на комуникација при решавањето на проблемите и извршувањето одделни |

| | | |
|---|---|---|
| | | задачи. |
| **Заштита на работата, здравјето и околината** | Се заштитува себеси и соработниците од повреди и штетни влијанија на околината. | • Користи безбедносна опрема на машините и лична заштитна опрема;<br>• При работата ги почитува правилата за безбедност при работа;<br>• Ги почитува основните начела на безбедност и здравје при работа;<br>• Ги знае можните повреди од неправилно ракување со средствата за работа;<br>• Ги знае прописите за заштита при работа, противпожарна заштита, како и заштита на околината. |

## 5. Датум, носител и состав на работната група за изработка на Стандардот на занимање

**Датум на изработка**: 2012

**Институција - носител на изработката:** Центар за стручно образование и обука - Скопје

**Состав на работната група:**

- Михаил Гиговски, ВСП дипл. инж. архитект, „Лесна”, Скопје
- Зоран Ангеловски, ВСП дипл. шумарски инж., професор по стручни предмети СУГС „Георги Димитров”, Скопје
- Оливер Стојановски, ВСП дипл. шумарски инж., „Леснина Ми”, Скопје

Координација:

- М-р Роза Арсовска, ВСС дипл. социолог, раководител, Центар за стручно образование и обука – Скопје ВЕТ Скопје
- Дарија Штаркл, СТЕ, Љубљана

## 6. Надлежна институција за донесување на Стандардот на занимање

Стандардот на занимање **Столар за градежна столарија** го усвои/донесе Министерството за труд и социјална политика со решение бр. бр.08-425/2 од 16.01. 2015 година.